секако не е во тоа! Секако, постојат посреди повеќе заблуди и предрасуди и во општеството во кое живееме и меѓу творците среде кои се движиме. Тоа е комплексно прашање, во кое овојпат нема да завлегуваме. Да се задржиме само на констатацијата дека Илинден ги чека македонските поети, затоа што е еден од синонимите на нашата татковина, а за неа, Григор Прличев уште пред точно сто и две години им рече гласно на охриѓани:

„Еден човек шчо не си ја милвит таткојната појќе од татка и мајка и појќе од себеси, тој не можит да бидит чесен чоек!"

* * *

Некаде скоро прочитав: писателот е оној човек кој е способен да создава континуитет таму и кајшто тој континуитет е тешко видлив; да ја ослободи живата основа на тој континуитет за повторна дефиниција врз основа на присутните искуства.

Значи, нашата свртеност кон минатото, кое сеедно дали ќе го одбележиме како подалечно или поблиско, како Илинден или НОБ, е разбирање на минатото и прифаќање на сегашноста и тоа не е апсолутизирање на еден миг и создавање пригодна поезија, туку присвојување на минатото како контекст на присутните наши искуства. Така, поезијата ќе стане инструмент и за разбирање на сегашноста.

Вклучен во ваков контекст, Илинден е бездруго и благородна и благодарна тема.

*Х. АНДОНОВ — ПОЛЈАНСКИ*

## МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ НИЗ СТРАНИЦИТЕ НА „ГЛАС МАКЕДОНСКИ" ОД 1898 ГОДИНА

Развитокот на македонското прашање по „Виничката афера" и неговата актуелизација во европската политика во текот на 1897 година доби виден простор и во весникот „Глас Македонски" од 1898 година. Овој весник, од почетокот на своето излегување во 1893 година и натаму, станал објективен толкувач на македонските настани и реално го поставувал за решавање македонското прашање. Издаван во Софија, весникот правел обиди, на моменти, да го определи и самобитниот карактер во развитокот на македонскиот народ, а истовремено и да ги определи елементите на македонската национална индивидуалност.

Главниот spiritus agens et movens на ова гласило бил Коста Шахов, виден македонски деец од осумдесеттите и деведесеттите години на XIX век. Мошне полезни податоци за неговата биогра-

фија и дејност објави кај нас Гане Тодоровски.[1]) Од нив произлегува дека К. Шахов бил претседател на Македонската книжовна дружина, соработник на „Лоза“, редактор на повеќе весници, пријател на Гоце Делчев уште пред формирањето на Внатрешната организација. Тој се занимавал активно со политичка дејност и бил приврзаник на идејата за македонската национална индивидуалност и на политичката самостојност на Македонија. Во својата дејност тој не бил секогаш доследен на своите становишта, особено мешајќи ги поимите на сепаратизмот и на автономизмот. Таа противречност потекнувала и од самото време во кое тој живеел, од атмосферата на тогашниот политички живот и од положбата среде македонските револуционерни средини.[2])

Коста Шахов го издавал и весникот „Глас македонски“. Тоа гласило ги изразувало самобитните стремежи во развитокот на македонскиот народ и, поврзано со тоа, настојчиво се заложувало за правилно решение на македонското прашање. Таа негова ориентација произлегла токму од презентираните гледишта на неговиот издавач К. Шахов. Наследувајќи ја „Македонија“, овој весник излегувал во периодот од 1893 до 1898 година.[3]) Во текот на 1898 година тој третирал интересна проблематика како од секојдневните македонски настани, така и од развитокот на македонското прашање. Весникот објавувал постојани соопштенија за положбата во Македонија. Објавени се дописки од сите краишта на Македонија. Со тоа, весникот мошне верзирано пристапил во изнесувањето на вистината за економската и политичката состојба на Македонија. Весникот скоро секојдневно објавувал исечоци од странскиот печат, во кои се третирал македонскиот проблем, македонското ослободително движење, проблемот за автономија и други прашања од тогашната состојба во Македонија. Проблемот за воведување реформи во Македонија наоѓа истакнат простор во овој весник. Тука наоѓаат место соопштенијата за чекорите на одделни големи сили при решавањето на македонското прашање. Тоа е стриктно поврзано со меѓународната ситуација, од која зависело решавањето на македонското прашање. Од тие глобални прашања, што ги третирал весникот „Глас македонски“ во текот на 1898 година, можно е да се извлечат неколку суштествени проблеми поврзани со тогашната состојба во Македонија, со суштината на македонското прашање и со интересот на големите сили и поставеноста на балканската политика во решавањето на македонското прашање.

---

[1]) Види: Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков. Скопје 1968 („Кој е тоа Коста Шахов“, стр. 103—128; исто: 93—99).

[2]) Гане Тодоровски, Op. cit., 103—127.

[3]) Види: А. Теодоров-Балан, Български книгопис за сто години 1806—1905. София 1909, 222; Български периодичен печат, 1844—1944. Т. I. София 1962, 212; Б. Мокров, Библиографија на весници и списанија за Македонија во периодот до 1941 г. — Гласник IX/2 (1965), 240—241.

1

Весникот „Глас македонски", во текот на целата 1898 година, на видно место ја разгледувал економската и политичката состојба во Македонија. Конкретните последици, што настанале како резултат од „Виничката афера", наоѓаат многу често на дескриптивен опис, а и на коментар на страниците на овој весник. Се анализира настанатата положба во селата и на населението настрадани во зулумите за време на аферата, како и создаденото широко бегалско движење во Македонија. Весникот пледирал за реално и вистинско претставување на положбата во Македонија. Затоа ги подложил на критика пишувањата на некои бугарски весници што не ја согледувале конкретната состојба на работите во Македонија.[4])

Весникот се обидувал да ги бара причините за тешката положба. Во една статија од 18 јануари се укажува дека Македонците не треба

„...за единствена причина на нашата лоша судбина, да ја посочуваме турската дивјаштина и никако ако не си припомниме и за нивните помошници и поважните фактори при ковањето на нашата судбина".[5])

Токму низ таа призма и весникот пледира за сплотување на силите, за да можат да тргнат Македонците по патот на „сопственото убедување". Затоа и се инсистира на поставената единствена цел во конкретизирањето на одговорноста кон македонските работи, без очекување надворешни лица да диктираат. Низ таа призма и се инсистира на следниов начин:

„Нека се освестиме, нека се ориентираме, да тргнеме по лек за денешната состојба на татковината."

При ова се определува задачата на секој Македонец со зборовите:

„Нека секој Македонец ги напрегне силите, да се надеваме дека ќе се најде спасително средство за татковината."[6])

Кога го поставува на преден план ослободителното дело на татковината, весникот ги поставува на разгледување основните македонски општествени сили, кои биле должни тоа дело да го насочат кон ослободителната цел. Правејќи осврт на македонската интелигенција во Бугарија, весникот, во една статија од 27 септември, ја смета неа за „обично орудие на секакви властодршци и частољупци". Со тоа идејата за ослободувањето ослабнувала и

---

[4]) Види: „Глас Македонски (натаму скратено-ГМ) 11. I. 1898, 1.

[5]) Плува но не потъва. — ГМ 18. I. (насекаде бележењето е по стар стил) 1898, 1.

[6]) ГМ 24. V. 1898, 2 (уводник).

се парализирала.[7]) Меѓутоа, се прави строго разграничување за носителите на ослободителното дело и за неговата суштина. Така, Rabotnicoff (псевдоним на засега непозната личност), во една статија од 7 јуни, пишува:

„Ослободителното дело на нашата татковина не е работа само на неколкумина каприциозни и алчни за власт личности. Тоа не е работа, што зависи од интересите на оваа или онаа политичка партија во Бугарија, каде Господ ги намножил доста изобилно. Тоа е дело на самите Македонци, на македонската интелигенција, па каде и да се наоѓа таа."

Затоа и се инсистира преку револуционерен пат да се добие слободата на татковината. Се бара борба, а не очекување „. . . да падне отгоре, од невидлива сила слатката мана на слободата."[8]) Токму од таа позиција и се оди кога се наблега на самостоен пат на борбата. Така, во еден уводник од 30 јули, се нагласува:

„Ние Македонците треба ли да веруваме во лаги и да го чекаме со скрстени раце ослободувањето на Македонија од луѓето што ја управуваат Бугарија по милостивата желба на Султанот..."[9])

Како пример за ослободителното дело се зема начинот и патот на ослободителната борба кај другите балкански народи. Со ползувањето на тие примери се стремело да се постигне слободата на Македонија. За постигањето на таа цел, се наблега на свеста на македонскиот народ. За ова Дринков, во една статија од 31, мај пишува:

„Ние веќе не сме малолетни, таа долга политичка борба нè остаре и веќе можеме да се отстраниме од слични старатели и доброжелатели." Затоа и се вели дека: „Нашата болка е грозното ропство, лекот против таа болка е револуцијата. Нека ја започнеме. Средства ќе најдеме, штом ќе се ослободиме од досегашните надежи. Патишта многу... Доста толку скитанија во измами."[10])

Весникот „Глас македонски" пишувал и за развитокот на македонското ослободително дело. Во еден уводник од 8 август, потпишан од К. Шахов, се прави критика на македонското дело, за кое биле виновни самите водачи на делото, а од друга страна и бугарските управници. Затоа тој се залага за едно поопределено приоѓање кон македонското прашање и за реално согледување на неговите движечки процеси.[11])

---

[7]) Защо сме слаби. — ГМ 27. IX. 1898, 1.
[8]) Rabotnicoff, Какво правим. — ГМ 7. VI. 1898, 2.
[9]) ГМ 30. VII. 1898, 1.
[10]) Дринков, Цер на злото. — ГМ 31. V. 1898, 2.
[11]) К. Шахов, — ГМ 8. VIII. 1898, 1.

Весникот „Глас македонски“ излегува со определена концепција за решавање на македонското прашање. Тоа се поставува во комплексноста на решавањето на источното прашање, особено поврзано со решенијата на Берлинскиот конгрес, и тоа на чл. 23. Се смета дека тој член служел како основа во борбата против турското ропство. Исто така, се третира и проблемот за Крит и решавањето на критското прашање. Се наблегнува според примерот на Крит да се реши и македонското прашање. Затоа и чл. 23 од Берлинскиот конгрес се смета еден вид de jure признавање на македонската автономија. Во една статија од 1 февруари, се вели:

„Македонското население се подготвувало и ќе се подготвува за да скрши еден незаконит тирански режим, за да стане фактички стопан на автономна Македонија која правно тој ја има од 20 години и повеќе.“[12])

Решавањето на македонското прашање во склопот на источното прашање весникот го поддржува и во освртот на публикациите посветени на источното прашање. При освртот на W. Miller, што го направил во „Cosmopolis“, прикажувајќи ја книгата на Л. А. Комаровски за турското прашање, се прави критика на авторовите становишта. Првин се критикува поставката да се реши македонското прашање преку делба помеѓу балканските држави. Весникот смета дека со такво решение не било можно да се постигне мир на Балканот и во Европа. Исто така, се критикува ставот — Македонија да се стави под заштита на Австрија. Весникот смета дека таква желба немале Македонците. Според весникот, таа пожела да се постави пред педесет години, „кога Македонија навистина немаше интелигенција, подготвена за нејзино самоуправување . . .“ Но, во современите услови

„. . . сите тие образовани сили — истакнува весникот — би се собрале во својата татковина да ја организираат и да создадат Македонија една идеална државичка на Балканскиот Полуостров. Освен тоа, при една автономија, сите цивилизирани држави еднакво ќе влијаат културно над таа земја и, соодветно со заслугата, ќе извлечат материјална полза.“

Токму од таа поставка и весникот се залага за „самоуправна Македонија“, зашто желбата на Македонците била да се создаде „од Македонија една автономна област“. Весникот ја поставува алтернативата за постигање на таа цел. Ставот на весникот се состои во барањево: „Ние треба да го оправдаме тоа барање преку една самостојна, независна и енергична дејност.“[13]) При тоа се

---

[12]) ГМ 1. II. 1898, 1.

[13]) Перин, Турския въпрос. — ГМ 1. II. 1898, 1—2.

нагласува на името Македонец и Македонија да му се даде поголемо значење.[14])

Весникот „Глас македонски“ стриктно се придржувал за принципот македонското прашање да се реши во самоуправен пат. Тоа барање весникот го презентира во повеќе свои уводници и статии. Така, К. Шахов е категоричен во барањето:

„...да се формира една автономна област, која да заживее слободно, како политичка единица на Балканскиот Полуостров, и сите досегашни спорови за неа ќе престанат.“[15])

Еден друг автор е уште поопределен кога вели:

„Ние сакаме една внатрешна самоуправа, гарантирана од сите европски сили, без при тоа да се засегне во државниот суверенитет на Турција“.[16])

Тоа барање егзалтирано се следи и со повикот: „Напред, да живее слободна Македонија.“[17])

Решавањето на македонското прашање весникот го поврзува со решавањето на клучните европски проблеми, како и неговата зависност од конкретната европска констелација. Во една статија се подвлекува:

„Македонското прашање ќе може да се реши и најдобро и најбрзо ако сами ние, Македонците, поскоро востанеме, ако безредиците во Македонија станат чувствителни и за самиот европски свет, кој е сврзан со нас преку национални, религиозни, економско-трговски, социјални интереси. — Впрочем, нашиот спас е во револуцијата!“[18])

Нагласувањето на европските интереси во Македонија станала често присутна тема на весникот. Така, во една статија на Дринков се вели дека:

„Благодарение на нашата географска положба, благодарение на дебелите интереси на европските држави кај нас — ние сме господари во денешно време на судбината на цела Европа и бомбата е во наши раце... Ќе ја фрлиме и нека барем ние бидеме причината за промените на европската карта.“[19])

Весникот редовно ги бележел акциите на големите сили во решавањето на источното прашање и нивната заинтересираност

---

[14]) ГМ 8. VIII. 1898, 1.

[15]) Ibidem.

[16]) П. Н. Н., По въпроса за Македония и Одринско. — ГМ 3. V. 1898, 1.

[17]) ГМ 20. XII. 1898, 1—2 (Уводник).

[18]) Как може да се разреши македонския въпрос? Где е нашето спасение? .—Г М 29. III. 1898, 1.

[19]) Дринков, Какво очакваме. — ГМ 10. V. 1898, 2.

и политика спрема македонското прашање. Весникот ги регистрирал сите проекти за реформирање на Македонија.[20]) Исто така, тој ја коментирал политиката на одделните сили спрема Македонија и македонското прашање и го определувал својот став спрема тоа.[21]) Се разгледува политиката на секоја одделна сила и нејзината заинтересираност за Македонија.[22])

## 3

Весникот „Глас македонски" ја разгледувал и политиката на балканските држави кон Македонија. Се осврнува на политиката на секоја одделна балканска држава или пак во глобал извлекува заклучок од нивниот однос спрема прашањето на Македонија. Обидите да се реши македонското прашање во нивна полза весникот ги смета за илузорни и штетни за македонското дело. Во една статија барањето на балканските влади да ја решат македонската криза се става под прашање. При ова се вели дека

„...самата полза за нас Македонците, е дека ние се принудуваме да поверуваме, најпосле, дека никаква влада, во сегашноста или во иднината, не ќе може да ни послужи за ковчег на нашиот завет, и ние ќе треба да се погрижиме за себе."[23])

Со посебен третман весникот ја анализирал политиката на бугарската влада и на другите бугарски фактори спрема Македонија. Така, во една статија се критикува ставот на бугарската влада да се меша во македонските работи, поконкретно да не допушти никакво востание во Македонија. Весникот смета:

„Бугарската влада ни фактички, ни правно има некаква власт над тоа (македонско — м.б.) население, и му ветува на светот дека не ќе допушти никакво востание во Македонија. Каква дрскост! Таа не е свесна дека многу греши во случајов, и колку скапо може да чини таа дрскост за бугарскиот народ. Ние протестираме — се вели во статијата — против тоа самозвано туторство над Македонија и го објавуваме за фалшиво."[24])

Тоа проезлегува оттаму, смета весникот, што

---

[20]) Напр. Дринков, Пак за реформи в Македония и Одринско. — ГМ 16. VII. 1898, 1.

[21]) Види критика на тој став: „Македонскиот народ сам ќе си ја извојува слободата.". Писмо на Сл. Мерджанов со Д. Ганчев од 23. VI. 1898. — Нова Македонија 27. IV. 1969, 13.

[22]) Напр. Дринков, Руссия и Македония. — ГМ 24. V. 1898, 1; Готови ли сме? —ГМ 19. IX. 1898, 1; и др.

[23]) Какво очакваме още? — ГМ 22. II. 1898, 2.

[24]) ГМ 4. IV. 1898, 1 (Уводник).

„Бугарските управници, или го лажат надворешниот свет дека тие можат да прават што сакаат во Македонија, или лошо ги разбираат интересите на нашата татковина, та прибегнуваат кон слични глупости.“[25])

Затоа и весникот ги сметал бугарските господаречки буржоаски кругови за најголеми виновници на македонското ропство. Во врска со тоа, во една белешка се вели:

„По Турците, на чело на својот Султан, најголемите непријатели, однадвор, ни се бугарските управници, а како внатрешни, сите оние наши луѓе што се вплеткуваат во мрежите на тие управници и во оние на бугарската Егзархија, кои, на тој начин, ја игнорираат самата наша организација, и се наметнуваат, самозвано, како големи патриоти.“[26])

Во сообразност со тоа се третира и проблемот за помошта, која штетно се одразувала и му пакостела на македонското дело.[27]) Категорички се подвлекува дека

„...никогаш интересите на господаречките кругови во Бугарија и на бугарската Егзархија, не ќе се согласат со интересите на Македонците, зашто самата положба ни е различна...“ и зошто „интересите на бугарските управници се противни на тие на Македонија.“[28])

Во врска со тоа гледиште се акцентира ставот на еден стар и искусен Македонец, на име дедо Петко, кој му изложил на дописникот на весникот. Неговиот апел бил:

„Мој совет е, ако Македонците би ме послушале, да заборават дека постои некаква бугарска влада на земјата и никогаш да не ја сакаат нејзината помош.“[29])

На особено остра критика весникот „Глас македонски“ ја подложил политиката на бугарската Егзархија во Македонија. К. Шахов, во една статија, остро ја критикува политиката на Егзархијата и нејзините експоненти, а особено во лицето на Васил К'нчев, кој му помогнал со другите слуги, како што вели К. Шахов, на егзархот „да се ослободи од оние „опасни по бугарштина“ лица, како Методија и Теодосиј Скопски“.[30]) Се инсистира дека општините во Македонија биле оние институции од самоуправен карактер што имале право да ги уредуваат сами училишните и црковните

---

[25]) Ibidem.
[26]) ГМ 24. V. 1898, 3.
[27]) Ibidem.
[28]) С. Дедо Петко. — ГМ 31. V. 1898, 3.
[29]) Ibidem.
[30]) К. Шахов, — ГМ 7. VI. 1898, 1 (Уводник).

работи, а не Екзархијата. Таа ги узурпирала правата на општините и создала метеж во образованието. К. Шахов нагласува дека историјата ќе одбележи оти за таквата состојба „народот во Македонија не е виновен“.[31])

Бугарскиот екзарх весникот го смета за најголем виновник. Зашто „...со извојување на слободата на Македонија, неговата власт ќе изчезне.“ Исто така, тој бил виновен за пасивизацијата на дел од македонската интелигенција. Ако не била таквата негова политика

„...интелигенцијата во Македонија сега ќе претставуваше една од оние јуначки фаланги на Александар Велики, што ја разнесоа славата на македонското оружје по сите краишта на светот.“[32])

* * *

Магистралниот осврт врз најсуштествените страни што ги третирал весникот „Глас македонски“ во 1898 година при решавањето на македонското прашање го определува евидентното значење на овој весник како бранител на правата и интересите на македонскиот народ. Издаван во една специфична положба, надвор од Македонија, весникот, според постојните можности, успевал реално да ги согледува и трасира можностите за решавање на македонското прашање. Во него главна улога одиграл К. Шахов, кој ја насочувал неговата политика согласно со идеите што ги презентирал, за самостоен политички развиток на Македонија.

Весникот „Глас македонски“ засегал цела низа проблеми и прашања од тогашните македонски работи. Затоа и станал вистинска трибина на македонските интереси. Со проблемите што ги третирал, овој весник зазема видно место во историјата на македонската револуционерна публицистика.

Во пишувањето на весникот, покрај позитивното, среќаваме и низа недоследности и недоизјаснетости. Тоа секако претставува данок на времето кога весникот бил издаван, а исто така од важноста и од средината во која просперирал. Често во весникот се среќаваме со жалбите за тешките услови на работењето, за полициското следење и пречење на нормалната дејност.

И покрај сето тоа, весникот стана вистинска трибина на македонската самобитност и самостојност, како таков, ги трасирал патиштата на натамошните македонски идеолошко-политички раздвижувања во правилно насочување на врвежот на македонското ослободително дело. Затоа тој негов вонредно евидентен придонес бил мошне голем во историјата на македонското прашање. Уште

---

31) Ibidem.
32) Защо сме слаби. — ГМ 10. X. 1898,1.

повеќе што конкретно во тогашните услови успеал да им го популаризира тоа дело на самите Македонци, за изградување на нивната револуционерна самосвест. Донекаде, таа специфична појава ја забележал визионерски и самиот весник со зборовите:

„Македонецот се стреми кон заветната мисла — слободен живот: ќе умира за својата идеја... Тој ќе ја извојува својата слобода или ќе загине, но нема да остави ни нокт од Турчинот, додека Македонците не се сите во Македонија."[33])

*Т. ТОМОСКИ*

## ЕДЕН ОПИС НА МАКЕДОНИЈА ОД 1905 ГОДИНА
## (Detailbeschreibung von Makedonien, Wien 1905.)

Студијата „Детален опис на Македонија" претставува воено-географски прирачник што бил наменет за командниот кадар на австроунгарската војска. Прирачникот бил печатен како ракопис и содржи многу интересни географско-историски податоци, како и други информации потребни за успешно изведување на воени операции во Македонија. Книгата има 265 страници и 6 прилози. Во самиот текст се внесени: 1 географска скица, 4 табли и 69 слики.

Прирачникот има извонредна вредност за запознавање на нашата земја кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Високата вредност на изложениот материјал потекнува од искористените извори, имено — од консултирањето на рекогносцирањата, односно на елаборатите што ги составиле генералштабните офицери, па на извештаите за извршените рекогносцирања, како и на други извештаи од доверливи лица и, најпосле, на соопштувањата од одделни лица што се дадени по повод научните патувања. Освен тоа, авторот користел и нова литература како и современи карти и др.

Книгата содржи уводен дел, 13 наслови означени со римски броеви, опис на патиштата во Македонија, 6 додатоци и регистер на географските имиња.

Под бр. I, под насловот Begrenzung und Grösste des Raumes, станува збор за границите и за големината на Македонија, што зафаќала територија од 52.800 км$^2$ и имала околу 1 800 000 жители. На скицата што е приложена во текстот границите на Македонија се зацртани приближно на оние што ги имала таа во 167 год. пред н. ера Имено, северната граница е повлечена јужно од Велес (во 167 год. пред н. е. таа минела јужно од Катланово), западната граница е означена источно од Преспанското Езеро (во 167 год.

[33]) ГМ 4. IV. 1898, 2 (Уводник).